Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневни настани 14.03.2024

На 13.03.2024 во 13.00 часот во Велес, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога при СВР Велес го лишиле од слобода Т.А.(27) од Велес. При претрес во неговиот дом, извршен со наредба од Основен суд Велес, биле пронајдени и одземени хероин и две дигитални ваги. Т.А. бил задржан во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по докуметирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.03.2024 во 15.20 часот во Куманово, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово го лишиле од слобода Д.Р.(31) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и пиштол. Д.Р бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 13.03.2024 во 09.15 часот на улица „Гоце Делчев" во Неготино, полициски службеници од ОВР Неготино го привеле Б.Р.(38) од Скопје, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна од две години за сторено кривично дело „насилство" по член 386 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Идризово во Скопје за издржување на казната.

На 13.03.2024 во 23.10 часот на подрачјето на Гази Баба во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Т.(26) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.03.2024 во 21.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Ш.А.(32) од село Липково затоа што кај него била пронајдена марихуана. Ш.А бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 13.03.2024 во 13.40 часот на ул.„Смилевски конгрес" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода Ќ.К.(22) и М.М.(20), двајцата од Битола, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.03.2024 во 17.15 часот на Граничниот премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода С.С.(56) од Косово затоа што при извршена проверка констатирано било дека евидирал со мерка „апси" по барање од Интерпол. Тој бил предаден на Полициското одделение Мирковци за понатамошна постапка.

На 13.03.2024 во 16.30 часот во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола ја пронашле малолетничка Н.А.(14) од прилепско село, за која на 12.03.2024, Е.Т.(48) од Битола, старател на малолетничката доделена по службена должност од Центарот за социјални работи Битола, пријавила дека се оддалечила од установата „Отворена порта" во Скопје. Малолетничката била предадена во установата.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (13.03.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 154 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина седум санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, шест санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, две мерки за управување под дејство на алкокол...

На 13.03.2024 во 14.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од бул. „Кузман Јосифовски-Питу" и ул.„Бојмија" во Скопје, патничко возило „сеат леон" со велешки регистарски ознаки, управувано од Ф.Н.(25) од Велес, удрило во велосипед управуван од Т.М.(70) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 13.03.2024 во 15.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Народен фронт" во Скопје, патничко возило „шкода" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.К.(42) од с.Бањане, скопско, удрило во пешакот Д.Ѓ.(37) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 13.03.2024 во 11.30 часот во Полициската станица Центар, Х.А.(34) од Скопје пријавил дека на ул.„Јордан Мијалков" бил каснат од куче скитник.

На 13.03.2024 во 14.40 часот во Полициското одделение Сарај, А.С.(47) од Скопје пријавила дека во с.Долна Матка, скопско, била касната од куче скитник.

На 13.03.2024 во 14.20 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Л.Ѓ.(68) од Скопје пријавила дека на ул.„Браќа Чакреви" во Скопје била касната од куче скитник.

На 13.03.2024 во 11.30 часот во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода А.А.(40) од Охрид. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.03.2024 во 19.00 часот, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево и Полициското одделение Македонска Каменица ги лишиле од слобода Д.С.(35) од Македонска Каменица и С.А.(22) од с.Моштица, општина Македонска Каменица, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (14.03.2024) околу 10.15 часот на регионалниот пат Куманово - Скопје, во близина на с.Умин Дол, кумановско, полициски службеници од Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата запреле патничко возило „фолксваген голф" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Л.Р. од општина Липково. Имено, во наведеното време со специјално возило т.н.„пресретнувач" на Министерството за внатрешни работи било констатирано дека лицето го управува возилото со 146 километри на час на место каде што максималната дозволена брзина е 50 километри на час. Против лицето е поднесен прекршочен платен налог и ќе се соочи со предвидената законска санкција.

На 13.03.2024 во 04.30 часот на автопатот А1, во близина на с.Прдејци, гевгелиско, полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Богородица дале знак за запирање на патничко возило „ауди а6" со германски национални ознаки, но возилото продолжило со движење. Набргу, по преземени мерки возилото било пронајдено на патот кон с.Драчевица, демиркаписко, и биле пронајдени осум лица мигранти од Сирија, од кои еден малолетник, кои се превезувале во возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.03.2024 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 32 прекршоци, од кои 21 надвор од населено место и 11 во населено место.

Санкционирани биле и 12 други видови на прекршоци.

На 13.03.2024 од 07.00 до 11.00 часот на тетовско-гостиварското подрачје спроведена е акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници. При контролата биле откриени и законски санкционирани 5 (ГВ) технички неисправни возила, кои имале неисправни сопирачки. Возилата веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се предвидените поднесоци. При контролата, исто така, санкционирани се и 5 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-1 и ГВ-4).

На 13.03.2023 во 22.15 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги привеле К.Џ.Ф.С.(18), Т.А.Л.(20) и М.М.А.(19), сите од Сојузна Република Германија, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир со агресивно однесување кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.03.2024 околу 16.30 часот во СВР Скопје, С.Ј.(33) од Скопје пријавил дека пред влезот на Кванташки пазар, тој и неговиот пријател М.Р. биле физички нападнати од неколку лица, од кои едно од нив со пиштол го удрило по главата. Според пријавеното, лицата го оштетиле и неговото патничко возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.03.2024 во 10.40 часот во СВР Скопје, Г.С.Б.(38) од Скопје пријавила дека на 12.03.2024 околу 17.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров нејзината малолетна ќерка била физички нападната од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.03.2024 во 22.15 часот во СВР Скопје, С.Ј.(38) од Скопје пријавила дека околу 21.00 часот во трговски центар на подрачјето на Гази Баба едно женско лице физички ја нападнало нејзината малолетна ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.03.2024 во 19.25 часот во Полициската станица Карпош, Ј.С.(50) од Скопје пријавил дека на ул.„Дрезденска" во Скопје неговиот малолетен син бил каснат од куче.

На 13.03.2024 во 18.30 часот во Полициската станица Чаир, Н.К.(52) од Скопје пријавил дека на бул.„Јадранска магистрала" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 13.03.2024 во 13.20 часот во СВР Битола, П.А.(43) од Битола пријавил дека на ул. „Генерал Васко Карангелевски" бил каснат од куче скитник.

На 13.03.2024 во 20.00 часот во Полициската станица Штип, Е.Д.(59) од Штип пријавила дека на ул.„Сремски фронт" во Штип била касната од куче скитник.

На 13.03.2024 во 21.40 часот во СВР Битола, М.П.(20) од Битола пријавил дека на ул. „Кочо Рацин" бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.К.(18), Д.К.(20), Н.Б.(18), М.З.(18) и двајца малолетници, сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „силување на дете кое не наполнило 15 години". Пријавените, во текот на јуни 2023 извршиле обљуба врз малолетничка.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против В.З.(24) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 22.02.2024 во средно училиште во Кочани, пријавениот физички нападнал малолетничка и ѝ нанел повреди.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Ц.М. (37) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". Полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.Е.(39) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 15.07.2023, полициски службеници кај пријавениот пронашле и одзеле хероин.

ОВР Ресен поднесе кривична пријава против И.Ј.(44) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „демнење". Пријавениот, во периодот од септември 2023 до 19.02.2024 ја следел и вознемирувал својата сопруга со која се во бракоразводна постапка.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Р.С.(72) од с.Ново Село поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". На 16.02.2024 на катастарска парцела во Охрид пријавениот вршел градежни активности во подрумски простор на станбена зграда за кои не поседувал одобрение за градба.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Ф.С.(42) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување на лиценца". На 10.10.2023 на ул.„Мирче Ацев" во Битола, полициски службеници извршиле контрола на возило кое го управувал пријавениот и било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува соодветна лиценца.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет